# ГОСПОД ГАУРАНГА - ИНКАРНАЦИЈА НА ЉУБОВТА

Шри Чинмој

ГОСПОД ГАУРАНГА -
ИНКАРНАЦИЈА НА ЉУБОВТА

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Господ Гауранга -
инкарнација на љубовта“
Автор: Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“Lord Gauranga: love incarnate”
by Sri Chinmoy

## СОДРЖИНА

Ништо не е kako пријателството
Улоги: Чеитанја;
Рагунат-негов пријател ……................… 6

О одрекувачу од светот, внимавај!
Улоги: Чеитанја;
група на негови ученици ……................. 11

Дамодар, јас сум далеку над моралноста
Улоги: Дамодар-постар и
напреден ученик на Чеитанја;
убав и млад ученик на Чеитанја ……. 17

Кришна, ќе умрам kога ќе бидеш отсутен
Улоги: Чеитанја; Шрибаш-близок
ученик на Чеитанја; Гададар-близок
ученик на Чеитанја; други ученици;
Шачи-мајка на Чеитанја …...............… 23

Шрибаш
Улоги: Чеитанја; Шрибаш-драг
ученик на Чеитанја; следбеник на
Чеитанја; други следбеници на
Чеитанја; жена на Шрибаш; роднини
на Шрибаш; син на Шрибаш ............. 27

Мајката ги допира стапалата на синот
Улоги: Чеитанја; Шрибаш-посветен ученик на Чеитанја; Шачи-мајка на на Чеитанја; Шачи-мајка на Чеитанја ....... 33

О Чеитанја, имам потреба од твојата љубов
Улоги: Акбар-могулски император; императорка .................. 37

Мојата последна желба
Улоги: постариот Харидаш; Говинда-помошник на Чеитанја; Чеитанја ...... 40

Господ Гауранга - инкарнација на љубовта
Улоги: Чеитанја-Господ Гауранга; Нитјананда-негов сакан ученик; Џагаи и Мадаи-двајца браќа, хулигани ............ 45

# НИШТО НЕ Е КАКО ПРИЈАТЕЛСТВОТО

Улоги: Чеитанја; Рагунат-негов пријател

*(Чеитанја и Рагунат се на брод што ја поминува реката Ганг, на пат кон училиштето.)*

РАГУНАТ: Гледам дека имаш книга во рацете и ми изгледа како некоја посебна книга. Може да знам која е?

ЧЕИТАНЈА: О не е ништо посебно. Нешто будалесто.

РАГУНАТ: Што има будалесто во неа? Дај ми, да погледнам.

ЧЕИТАНЈА: *(се двоуми)* Нема да ја сакаш. Ако сакаш, можам да ти прочитам неколку страни.

РАГУНАТ: Не, не. Те молам, дозволи ми самиот да прочитам.

*(Чеитанја му ја дава книгата. Рагунат поминува преку неколку страни и ги затвора очите.)*

ЧЕИТАНЈА: Рагунат, што е? Зошто ги затвори очите? Добар си? *(Рагунат почнува да плаче.)* Зошто плачеш? Зошто плачеш, пријателу мој?

РАГУНАТ: Вистина е, твој пријател сум. Твој пријател сум.

ЧЕИТАНЈА: Што се случува со тебе? Те молам, кажи ми. Направив нешто лошо? Најде некакви грешки во книгата? Ќе ги поправам. Кажи ми. Знаеш дека се грижам за совршенство.

РАГУНАТ: Грешки? Нема грешки, туку само совршенство. Совршенство. Јас исто така напишав книга за логиката, мислејќи дека ќе ми донесе слава. Сега ја гледам твојата книга. Кога луѓето ќе ја видат твојата книга, мојата ќе падне во заборав. Никој дури нема ни да ја допре.

ЧЕИТАНЈА: Ооо, поради тоа плачеш? Поради тоа се чувствуваш мизерно, пријателу мој? Мојата книга ти создава такво патење?

*(Чеитанја ја грабнува книгата од Рагунат и ја фрла во Ганг.)*

РАГУНАТ: Што направи? Што направи?

Толку вредна книга фрли во Ганг.

ЧЕИТАНЈА: На прво место е пријателството. Го ценам пријателството со тебе бескрајно повеќе отколку што ја ценам книгата. Рагунат, тебе ти е потребна слава. Бог ќе ти ја даде. Мене ми е потребна само едно нешто - присуството на Господ Кришна во моето срце. Потребно ми е само неговото присуство, неговите стапала во моето срце.

*(Чеитанја пее.)*

Se je-gan geye jai geye jai amar hriday dhware
Dake amar ashar prane premer parabare
Se je-gan geye gan geye jai amar hriday dhware
Bhuban amar raibe na ar moher karagare.
(А еве го, доаѓа, пеејќи околу вратата на моето срце.
Ја повикува надежда на моето
срце да влезе во Неговиот Океан од Љубов.
А еве го, доаѓа, пеејќи околу вратата на моето срце.
Мојот свет повеќе не останува во затворот на врзаноста и самозалажувањето.

А еве го, доаѓа, пеејќи околу вратата
на моето срце.)

ЧЕИТАНЈА: Господ Кришна, Господ Кришна! Мојот живот може да остане без сѐ на земјата, освен без Шри Кришна.

РАГУНАТ: Но светот ќе ме проколнува! Ти направи огромна жртва за мене.

ЧЕИТАНЈА: Немаше никаква жртва. Тоа е мојата љубов кон тебе. Мојата љубов кон тебе ја одигра својата улога. Ако Бог чувствува дека е неопходно, ќе ме направи славен. Ако сака да бидам Негов инструмент, ќе ме направи Негов инструмент и ќе ми даде можност да му служам. Со твојата книга ти ќе служиш и ќе го просветлуваш човештвото. Јас со мојата љубов кон Бог ќе го просветлувам човештвото.

РАГУНАТ: Ти гледаш сѐ во согласност со твојата внатрешна Светлина, во согласност со твојата сопствена реализација. Има огромна разлика меѓу мене и тебе. Јас не сум важно битие. Ти си избран инструмент на Бог. Во тебе ја гледам Божјата бескрајна Љуов, Божјата бескрајна Сомилост. Во тебе ја гледам Божјата Порака од најголемата Вистина. Ќе дојде ден кога целото човештво ќе те почитува. Целото човештво ќе ја почитува мудроста на твојот ум, љубовта на твоето срце и екстатичното единство

со Бог, со Господ Кришна.

## О ОДРЕКУВАЧУ ОД СВЕТОТ, ВНИМАВАЈ!

Улоги: Чеитанја; група на негови ученици.

*(Чеитанја и група негови ученици. Влегува помладиот Харидаш.)*

ЧЕИТАНЈА: Харидаш, разбрав дека си донесол ориз од Мадави.

ХАРИДАШ: Да, мој Господе.

ЧЕИТАНЈА: Си ми донесол ориз направен од жена?

ХАРИДАШ: Да, мој Господе.

ЧЕИТАНЈА: Ја забележа нејзината убавина?

ХАРИДАШ: *(засрамен)* Да, мој Господе.

ЧЕИТАНЈА: Отсега повеќе никогаш нема да те видам! Никогаш! Ти се откажа од световното, но сепак си погледнал во нејзиното лице. Колку пати сум ти повторил да не гледаш во лицето на жената, туку во стапалата? Ти реков

да ми донесеш храна, но не требаше да донесеш храна од убава жена. Си го погледнал нејзиното лице и си ја забележал нејзината убавина. Харидаш, ти го предаде твојот духовен живот. Не можеш да бидеш повеќе со мене.

*(Харидаш ги допира стапалата на учителот и горко плаче.)*

ЧЕИТАНЈА: Харидаш, доста. Во овој живот никогаш повеќе нема да ти го погледнам лицето. *(повикува)* Говинда, Говинда! Испрати го! Испрати го Харидаш до излезот.

ГОВИНДА: *(тивко му вели на Харидаш)* Харидаш, Харидаш, не грижи се. Господ Чеитанја ќе ти прости еден ден. Сега само те казнува, но знаеш дека неговата љубов е за секого. Неговата љубов е неограничена и е за секого.

Извадок од „Господ Гауранга - инкарнација на љубовта“
www.knigi.mk